**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам** |
| Министерство: | **Министерство за финансии** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Владимир Атанасовски, в.д. Директор, Управа за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **ноември, 2010 година** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Овој Предлог на Закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, туку во истиот се вршат соодветни измени кои се од национален карактер, а Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам е усогласен со правото на ЕУ, со Е.П.П бр. 2009.0700.4887.** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Превенцијата од перење пари и финансирање на тероризам во Република Македонија ја регулира Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен Весник на Република Македонија“ број 4/08 и 57/10). Законот ги регулира мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам кои ги превземаат задолжените субјекти, а тоа се: процедура за анализа на клиентот, следење определени трансакции, доставување извештаи, чување податоци и документи и воведување внатрешни програми. Надзорот над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам го вршат повеќе државни органи или комисии, како што се: Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Народна банка на Република Македонија, Управа за јавни приходи, Комисија за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенција за супервизија на осигурување и Комисите на адвокатите и нотарите.

Владата на Република Македонија, го задолжи Министерство за финансии, во вториот пакет на закони, во етапа 1, покрај другите закони да направи интервенција и да предложи измена и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам заради имплементација на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Исто така, во текот на практичната примена на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен Весник на Република Македонија“ број 4/08 и 57/10), се утврди дека определени законските одредби треба од технички аспект да се корегираат односно, прецизираат или нивната практична примена бара дополнителни прилагодувања на условите на работа и ангажирање на ресурси и на крајот се утврди и потребата од регулирање на воспоставените економско-правни односи, кои се одвиваат надвор од правната регулатива.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам треба да опфати (регулаторни) мерки кои се во насока на имплементација на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, надминување на недостатоците од технички карактер и пополнување на правните празнини.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Проценката на влијанието на регулативата е извршена од страна на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Но, при утврдувањето на тоа кои одредби од законот треба да бидат изменети или дополнети, земени во предвид се укажувањата на Комисијата за АМЛ и Усогласеност при Здружението за банкарство, Стопанска Комора на Република Македонија, Народна банка на Република Македонија и други.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Комисијата за АМЛ и Усогласеност при Здружението за банкарство, Стопанска Комора на Република Македонија, Народна Банка на Република Македонија и други субјекти задолжени да применуваат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам укажаа кои одредби од законот треба да бидат изменети или дополнети заради поправање на недостатоците од технички карактер или заради олеснување на примената на обврските.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Дополнителни информации и податоци треба да се соберат за имплементација на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Со оглед на тоа што најголем дел од одредбите кои треба да се изменат или дополнат претходно се определени од Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и од задолжените субјекти, со оглед на прецизно дефинираната обврска за спроведување на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата, потребно е да се изврши иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата не се формира, но подготвениот Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, ќе биде доставен на мислење на релевантните институции како што се: Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Народна Банка на Република Македонија и др. Исто така, овој предлог треба да биде разгледан од Координативното тело за имплементација на мерките на казнената политика при Владата на Република Македонија.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

Согласно утврдената динамика од страна на Владата на Република Македонија, Министерство за финансии има обврска во периодот од јули- август 2010 година да подготви Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и истиот да го достави во Владина процедура најдоцна до 15.09.2010 година. Во овој период треба да биде извршена проценка на влијанијата на регулативата.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не е планирано вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

Согласно утврдената динамика од страна на Владата на Република Македонија, Министерство за финансии има обврска Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и истиот да го достави до Владата на Република Македонија најдоцна до 15.09.2010 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Проценката на влијанието на регулативата е извршено од страна на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен Весник на Република Македонија“ број 4/08 и 57/2010) ги утврдува мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Владата на Република Македонија согласно усвоената динамика, го задолжи Министерството за финансии, во вториот пакет на закони, во етапа 1, да предложи измена и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам заради имплементација на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Во текот на практичната примена на законските одредби се утврди потреба од нивно изменување и дополнување заради надминување на определени недостатоци од технички карактер или изменување на определени решенија кои тешко се спроведуваат.

1. **Опис на проблемите**

При имплементација на меѓународната обврска податоците за испраќачот на парите да го следат целото движење на парите при вршењето на безготовински трансфер на пари, без оглед дали трансферот се врши во рамки на меѓународниот или домашниот платен промет во законските одредби и понатаму во практиката се потврди како проблематична. Имено, воспоставената технологија и практика, за целите на усогласување со барањата на овие одредби, имаше потреба да биде надградена, односно бараше дополнителни прилагодувања кои претставуваат дополнителен финансиски товар на субјектите. За целите на исполнување на барањето на бизнис заедницата, од една страна но и за исполнување на релевантните меѓународни стандарди, од друга страна, се врши прецизирање на обврските за финансиските институции кога вршат безготовински трансфер преку домашниот платен промет.

При анализата на извештаите за сомнителни трансакции често пати се јавува потребата задолжените субјекти по доставувањето на извештај за сомнителни трансакции да продолжат со анализата на деловниот однос на клиентот и дополнително да ја известат Управата за промените кои настануваат во рамки на деловниот однос. Правејќи анализа на меѓународната регулатива и практика, оценето е како корисно Управата да има надлежност да издаде налог субјектот да го следи деловниот однос.

Заради имплементирање на мерките за унапредување на казнената политика, се предлага воведување на укажување со покана за едукација за прекршоци проценети со незначителна опасност, намалување на висината на глобите за дел од прекршоците, воведување на единствен износ на глоба за определен број на прекршоци, задолжително објавување на квартален преглед на извршени контроли и друго.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Предложените одредби треба да доведат до поефикасна имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите кои се дел од бизнис заедницата во Република Македонија како и до поефикасна казнена политика.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Заради прифаќање на барањето на банкарскиот сектор, а поврзано со имплементацијата на одредбите за проследување на податоци и информации на уплаќачот при вршењето на безготовински трансфер на пари и за исполнување на стандардите утврдени со стандардите на ФАТФ, Управата во склад со методологијата за спроведување на евалуација утврдена од ФАТФ подготви измена на членот 12-г од законот.

Воведувањето во надлежност на Управата, правото да издаде налог субјектот да го следи деловниот однос на клиентот и за тоа да ја известува, претставува решение кое функционира во државите во регионот. Овој предлог ја намалува можноста од доставување на извештаи за сомнителни трансакции кои би се однесувале на исти лица.

За утврдување на предложената казнена политика беа земени во предвид мерките усвоени од Владата на Република Македонија за унапредување на казнената политика, одредбите од Законот за прекршоци и меѓународната практика.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Податоци и информации на уплаќачот при вршењето на безготовински трансфер на пари

**<u>Опис:</u>**

Финансиските институции при вршењето на безготовински трансфери се должни да го идентификуваат и верификуваат идентитетот на налогодавачот, и да обезбедат податоци, кои ги проследуваат заедно со трансферот на парите. Предлогот утврдува различен начин на постапување при вршење на безготовински трансфери во меѓународниот и во домашниот платен промет.

**1.Трошоци**

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Овие одредби не предвидуваат воведување на нови формалности за задолжените субјектите.

-Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува иницијални трошоци за правните или физичките лица.

-Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува оперативни трошоци за правните или физичките лица.

**2.Придобивки**

-Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Финансиските институции со имплементација на обврските од член 12-г немаат финансиски придобивки.

-Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Финансиските институции со имплементација на обврските од член 12-г немаат нефинансиски придобивки.

**3.Ризици и претпоставки**

За ефикасна имплементација на ова законско решение финансиските институции треба подготват интерни акти со кои ќе го дефинираат начинот на кој утврдуваат имање на сите потребни информации. Исто така, овие акти треба да го пропишат и начинот на постапување со трансфери кои содржат непотполни податоци и начинот на постапување со финансиските институции кои доставуваат трансфери од овој вид.

**2.1.3.4.Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Предложеното решение очекуваме дека ќе влијае во насока на зајакнување ефикасната имплементација на мерките за спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам.

**Предложено решение (опција):** Налог субјектот да го следи деловниот однос на клиентот (член 35-а)

**<u>Опис:</u>**

Кога постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам, Управата може да поднесе до субјектот налог во писмена форма за следење на деловниот однос на клиентот, а за трансакциите кои во рамките на деловниот однос се вршат или треба да се извршат, субјектот ја известува Управата согласно налогот.

**1.Трошоци**

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Овие одредби не предвидуваат воведување на нови формалности за задолжените субјектите во смисла на обврска да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува иницијални трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува континуирани трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува оперативни трошоци за правните или физичките лица.

**2.Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Со оваа одредба субјектите задолжени да превземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам немаат финансиски придобивки.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со ова решение субјектите немаат нефинансиски придобивки. Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам обезбедува навремени податоци и информации поврзани со активности за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**3.Ризици и претпоставки**

Не се утврдени ризици кои би влијаеле на примената на предложената одредба од член 35-а, ниту претпоставки кои претходно треба да се исполнат.

**4.Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Предложеното решение очекуваме дека ќе влијае во насока на зајакнување ефикасната имплементација на мерките за спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам.

**Предложено решение (опција):** Прекршоци

**<u>Опис:</u>**

Со овој предлог се имплементираат мерките на Владата на Република Македонија за унапредување на казнената политика. Со дополнувањата во делот на прекршочните одредби и делот на надзорот се предлага примена на укажување со покана за едукација за прекршоци проценети со незначителна опасност, намалување на висината на глобите за дел од прекршоците, воведување на единствен износ на глоба за определен број на прекршоци, задолжително објавување на квартален преглед на извршени контроли и друго.

**1. Трошоци**

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Овие одредби не предвидуваат воведување на нови формалности за задолжените субјектите во смисла на обврска да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Овие одредби не предизвикува иницијални трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и другите органи на надзорот утврдени со законот.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Овие одредби не предизвикува континуирани трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и другите органи на надзорот утврдени со законот.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува оперативни трошоци за правните или физичките лица.

**2.Придобивки**

-Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Со оглед на природата и содржината на материјата која ја регулираат овие одредби (прекршочни одредби), субјектите задолжени да превземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам немаат финансиски придобивки.

-Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Субјектите задолжени да превземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам немаат нефинансиски придобивки.

**3.Ризици и претпоставки**

Не се утврдени ризици кои би влијаеле на примената на предложените одредби, ниту претпоставки кои претходно треба да се исполнат.

**4.Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Предложеното решение очекуваме дека ќе влијае во насока на унапредување на казнената политика со крајна цел зајакнување ефикасната имплементација на мерките за спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам.

**Чекор 3: Консултации**

Во подготвувањето на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам се земени во предвид и вградени мислењата од надлежните државни органи: Секретаријат за законодавство, надлежните сектори при Министерството за финансии, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Народна банка на Република Македонија и др. Исто така, овој предлог закон е разгледан од Координативното тело за имплементација на мерките на казнената политика при Владата на Република Македонија.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Финансиските институции при вршењето на безготовински трансфери се должни да го идентификуваат и верификуваат идентитетот на налогодавачот, и да обезбедат податоци, кои ги проследуваат заедно со трансферот на парите. Предлогот утврдува различен начин на постапување при вршење на безготовински трансфери во меѓународниот и во домашниот платен промет.

Кога постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам, Управата може да поднесе до субјектот налог во писмена форма за следење на деловниот однос на клиентот, а за секоја промена, субјектот ја известува Управата согласно налогот.

Со дополнувањата во делот на прекршочните одредби и делот на надзорот се имплементираат мерките на Владата на Република Македонија за унапредување на казнената политика, односно се предлага примена на укажување со покана за едукација за прекршоци проценети со незначителна опасност, намалување на висината на глобите за дел од прекршоците, воведување на единствен износ на глоба за определен број на прекршоци, задолжително објавување на квартален преглед на извршени контроли и друго.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Искра Дамчевска, советник во Одделението за меѓународна соработка и развој на системот,

Маријан Поњавиќ, раководител на Одделение за меѓународна соработка и развој на системот и

Марија Ангеловска – Стојановска, раководител на Сектор за регулатива и развој на систем, сите од Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

м-р Зоран Ставрески, Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии и

Владимир Атанасовски, в.д. директор на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Министерство за правда, Министерство за финансии, Секретаријат за законодавство, Министерство за внатрешни работи, Народна Банка на Република Македонија и др. | ДА<br><br>22.10.2010 |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *Зоран Ставрески,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии Датум:

........................................................................................